Друштво за снабдување со топлинска енергија
ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 02-2934
25.10.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 235 од Законот за трговски друштва, член 22 од Изјавата за основање на Друштвото ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, член 7 и член 8 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (Службен весник на РСМ бр.64/19, 219/19), по одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со Решение бр. 11-1156/5 од 19.10.2023 година, Управителот на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ја донесе следнава

**Одлука**

**за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот, празнење на внатрешната грејна инсталација заради изведување на сервисни активности, кои потрошувачот ги плаќа на изведувачот на сервисната услуга, како и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач.

**Член 2**

Трошоците за корисниците кои бараат празнење на внатрешната грејна инсталација на објектот заради изведување на сервисни активности, приклучување или исклучување на/од внатрешна грејна инсталација се:

1. Фиксни трошоци по интервенција ........................................................ 500 денари
2. Трошоци за испуштање на ХПВ во грејна сезона – топла вода (ден/$m^3$)........................................................................................ 312 денари
3. Трошоци за испуштање на ХПВ надвор од грејна сезона – ладна вода (ден/$m^3$)........................................................................................144 денари
4. Приклучување во/вон грејна сезона (по грејно тело)............................300 денари
5. Приклучување во/вон грејна сезона (во ормарче) ................................600 денари
6. Исклучување во/вон грејна сезона (по грејно тело)...............................300 денари
7. Исклучување во/вон грејна сезона (во ормарче) ...................................600 денари

(1) Цените се без пресметан ДДВ
(2) Приклучувањето и исклучувањето на потрошувач на грејната инсталација на објектот се реализира само под услов потрошувачот да има исправни елементи за приклучување/исклучување.
(3) Трошоците од овој член важат и за присилно исклучување на корисници, согласно Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија.
(4) Трошоците за потрошувачите кои присилно се исклучени од грејната инсталација на објектот, а при исклучувањето не се наплатени трошоци за исклучување, при повторно приклучување, потрошувачите се задолжуваат со трошоци за исклучување

и приклучување повисоки за 100% од трошоците кои важат за приклучување и исклучување по барање на потрошувачот.

**Член 3**

(1) Количината на испуштен топлоносител (ХПВ) зависи од катноста на објектот и се пресметува согласно формулата:

$$V = k * 0.5$$

V – количина на испуштен топлоносител ($m^3$);
k – број на катови кои треба да се испразнат.

(2) Трошоците за испуштена ХПВ <u>во грејна сезона</u> важи за период од 01.10 до 30.04.
(3) Трошоците за испуштена ХПВ <u>вон грејна сезона</u> важат за период од 01.05 до 30.09.
(4) На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

**Член 4**

За потрошувачите кои бараат вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот се дефинираат следните трошоци :

1. Контрола на инсталирана моќност – бесплатно
2. Контрола на грејната површина – бесплатно
3. Контрола на исклучените потрошувачи – бесплатно
4. Отчитување на распределувачите – бесплатно
5. Распределба на надоместокот за топлинска енергија на ниво на потрошувач – бесплатно

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање на одобрение од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и истата ќе се објави на веб страната на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА
ДООЕЛ Скопје
Управител
Гоце Трпчевски

Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ • СКОПЈЕ •